Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 2/06), Претседателот на Советот на Општина Свети Николе на ден 21.05.2018 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на дванаесеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе**

Дванаесеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се **одржи на ден 29.05. 2018 година (вторник) со почеток во 15:00 часот** во малата сала на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

**Точка 1**
Предлог – Одлука за приоритет на Проект поставување фотоволтажни панели за производство на зелена енергија;

**Точка 2**
Предлог – Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на цени на половни водомери;

**Точка 3**
Предлог – Одлука за давање согласност на Одлука за изменување на ценовник на услугите во спортски објекти на подрачјето на Општина Свети Николе;

**Точка 4**
Измена на Годишен план за вработување за 2018 година на СОУ ,,Кочо Рацин,, Свети Николе;

**Точка 5**
Квартален извештај за извршувањето на Буџетот за Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за квартал Прв од 01.01. 2018 година до 31.03.2018 година;

**Точка 6**
Извештај за реализација на Општина Свети Николе за првиот квартал за 2018 година;

**Точка 7**
Квартален извештај за достасани ненамирени обврски – збирен за ПРВ квартал;

**Точка 8**

Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријаија основани од општините;

**Точка 9**

Извештај за материјално-финансикото работење на ЈП ,,Погребални услуги,, Свети Николе за период од 01.01. до 31.03.23018 година;

**Точка 10**

Извештај за материјално-финансикото работење на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе за период од 01.01. до 31.03.23018 година;

**Точка 11**

Барање од Мелита и Игор Стојкови;

**Точка 12**

Барање од Маја Велкова;

**Точка 13**

Барање од Црковен Одбор од с. Црнилиште;

**Точка 14**

Предлог – Решение за разрешување и именување на член во Управниот Одбор на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе;

**Бр. 0801- 128**
**28.05. 2018 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**